Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

# Упатство за надградба на системот – Евидентни листови за основно образование

Почитувани,

Министерството за образование и наука ве известува дека системот Електронски дневник е надграден со нов модул за евидентни листови за основно образование. Модулот за евидентни листови во системот ќе биде достапен за сите наставници од основното образование од почетокот на новата учебна година 2021/ 2022 година.

**Упатство за користење на модулот- Евидентни листови за основно образование**

Во Е-Дневник системот е имплементиран нов модул за изработка на Евидентен лист за учениците во основно образование, односно од прво до деветто одделение.
Евидентниот лист за ученикот се генерира од страна на неговиот одделенски/ класен раководител три пати годишно, односно за крај на прво тримесечје, за крај на прво полугодие и за крај на трето тримесечје.
Генерираниот евидентен лист за ученикот се прикажува во Е-Дневникот на неговиот родител/ старател. Родителот има можност да потврди дека ги прегледал податоците внесени за ученикот.

Евидентниот лист согласно наставниот јазик на паралелката на ученикот може да биде генериран на:

- македонски јазик
  или двојазично:
- македонски / албански јазик
- македонски / турски јазик
- македонски / босански јазик
- македонски / српски јазик

Евидентниот лист за ученикот ги содржи следните податоци:

- име и место на основното училиште
- општина на училиштето
- име и презиме на ученикот
- одделение и учебна година
- број на ученикот во главна книга
- директор на училиштето
- опис на постигањата на ученикот за крај на прво тримесечје, прво полугодие и трето тримесечје за учениците од прво до шесто одделение


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

- наставни предмети и оцени за учениците за крај на прво тримесечје, прво полугодие и трето тримесечје за учениците од седмо до деветто одделение
- активности за учениците од седмо до деветто одделение
- број на оправдани и неоправдани изостаноци
- раководител на паралелката
- родител / старател на ученикот

**Слика 1: Пример на генериран Евидентен лист – Почетна страна**



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОУ"ДЕДО ИЉО МАЛЕШЕВСКИ" БЕРОВО
(име на основното училиште и место)

Берово
(општина)

ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ ЗА УСПЕХОТ НА УЧЕНИКОТ/УЧЕНИЧКАТА

Описно оценување од I до VI одделение

Мони
име и презиме на ученикот/ученичката

Одделение III - трето учебна 2016/2017 година

Главна книга бр. 52-7607 / 2016 година

Директор
М. П.
Ќирил

1

**Слика 2: Пример на генериран Евидентен лист за прво тримесечје – описно оценување**

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА УСПЕХОТ И НАПРЕДУВАЊЕТО ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА 2016/2017 ГОДИНА

| **Мони** | **III - трето** | **Весна** |
|---|---|---|
| (име и презиме на ученикот/ученичката) | (Одделение) | (одделенски наставник/раководител на паралелката) |

**Опис на постигањата на ученикот/ученичката - прво тримесечје**

Изразно и уметнички чита, рецитира, целосно е совладано печатното латинично писмо. Многу е уредна и одговорна. Ги разликува видовите реченици по значење. Ги разбира деловите на реченицата, збор, слог и глас и успешно дели зборови на слогови. Самостојно и течно раскажува и прераскажува и од разни стојалишта. Има поим за дијалог и монолог. Го збогатува речникот со нови зборови. Целосно ги знае броевите до 100 и врши операции со нив. Брои до 1000 и ги запишува броевите во развиена форма.Одговара на прашањата од секојдневниот живот со собирање, организирање и толкување на податоци. Правилно користи табели и дијаграми, групира податоци или објекти според два критериуми. Успешно прави разумна проценка. Го објаснува начинот на решавање проблем. Ги знае и опишува 2Д и 3Д формите. Знае што е симетрија. Групира живи суштества со користење на едноставни карактеристики. Собира докази во различни ситуации за да одговори на прашања или за да проверува идеи. Набљудува и споредува предмети, живи суштества и настани. Извлекува заклучоци од резултати и може да користи научно знаење за објаснување. Истражува разни материјали, знае некои нивни својства. Покажува самодоверба во своите способности и умеења, како и способност за тимска работа. Има големо чувство за припадност кон својата заедница и учествува во работата и задачите на одделенската заедница.Одговорно се однесува и ги пошитува правилата во училиштето. Активно слуша музика и со голем интерес ги пее песните. Покажува координирани движења во музичко-ритмичките активности. Може да се изразува по музичките композиции. Има познавања од музичката писменост, ги определува предвидените тонски височини. Користи разни материјали и техники за цртање и сликање. Применува разни видови елементи за цртање, има одговорен однос кон предметот. Умее вербално да ја објасни творба. Учествува рамноправно и соработува во тимско изведување на вежбите и игрите. Се поттикнува да учествува во активности по свој избор. Покажува практични вештини за работа со компјутерскиот систем. Може да избира апликации и да создава едноставни цртежи и текстуални документи. Има позитивен однос и желба за работа со компјутер. Умее самостојно да поздрави и отпоздрави, да се претстави себе, другарче и членови од семејството, да праша за возраст и да одговори. Ги препознава боите, самостојно брои до 15.Го препознава и набројува учил.прибор.Го набројува вокабуларот за играчки и ги идентификува деловите од лицето. Активно учествува во пеење песни и игри.

Изостаноци: оправдани 5 неоправдани 4

**Весна** - 25.02.2021 Родител/старател **Сашко**

(одделенски наставник/раководител на паралелката)


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

**Слика 3: Пример на генериран Евидентен лист за прво полугодие – бројчано оценување**

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА УСПЕХОТ И НАПРЕДУВАЊЕТО ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА 2016/2017 ГОДИНА

| **Никола** | **VII - седмо** | **Маца** |
|---|---|---|
| (име и презиме на ученикот/ученичката) | (Одделение) | (раководител на паралелката) |

**Успех на ученикот/ученичката - прво полугодие**

| **Наставни предмети** | **Оценки** |
|---|---|
| Македонски јазик | Доволен (2) |
| Музичко образование | Добар (3) |
| Француски јазик | Доволен (2) |
| Проекти од информатиката | Добар (3) |
| Биологија | Доволен (2) |
| Ликовно образование | Добар (3) |
| Етика | Доволен (2) |
| Математика | Доволен (2) |
| Информатика | Доволен (2) |
| Историја | Доволен (2) |
| Физичко и здравствено образование | Одличен (5) |

**Активности:** Мир, толеранција и заштита
Спорт и спортски активности

Изостаноци: оправдани 0 неоправдани 0

**Маца**
(раководител на паралелката)

Родител/старател **Миле**

3



Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

## Пополнување на Евидентен лист

### 1. Обврски на предметен наставник

Пред да биде генериран Евидентен лист за ученикот, потребно е секој предметен наставник, да внесе оцена за учениците од седмо до деветто одделение во страната Оцени и поведение во делот за Табеларен приказ.

На наведената страна е овозможен внес на оцени за сите ученици истовремено преку копчињата Внесете оценки за прво тримесечје, Внесете оценки за прво полугодие или Внесете оценки за трето тримесечје соодветно.

Секој ученик, за секој предмет и период може да има само по една оцена за прво тримесечје, прво полугодие и трето тримесечје соодветно.
Внесување и промена на внесената оцена предметниот наставник може да прави се додека за ученикот не е креиран евидентен лист за соодветниот период.

Слика 4: Внесување на оцени за тримесечје преку страната за Табеларен внес





Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

## 2. Обврски на одделенски раководител

Пред да биде генериран Евидентен лист за секој ученикот, потребно е одделенскиот раководител на ги внесе следниве податоци во Е-Дневник системот:

- Да го пополни бројот на ученикот во главна книга
- Да внесе постигнување и број на оправдани и неоправдани изостаноци за учениците од прво до шесто одделение во делот Листа на ученици –> Постигнување на ученик во соодветниот период, прво тримесечје, прво полугодие или трето тримесечје

Слика 5: Страна за внесување број на изостаноци и постигнување за учениците од прво до шесто одделение




- Да внесе број на оправдани и неоправдани изостаноци за учениците од седмо до деветто одделение во делот Оценi и поведение –> Табеларен приказ за соодветниот период

- Пред генерирање на Евидентните листови, на страната Паралелка → Податоци за евидентен лист, да провери дали се внесени постигнувања за ученик, оцени и изостаноци за сите ученици од неговата паралелка.

- На оваа страна исто така постои можност за внесување и промена на бројот на изостаноци на учениците за соодветниот период.

- Напомена 1: Внесување и промена на постигнувањата на ученикот и бројот на изостаноци, раководителот на паралелката може да прави се додека за ученикот не е креиран евидентен лист за соодветниот период.
- Напомена 2: Внесениот број на оправдани и неоправдани изостаноци за прво тримесечје, прво полугодие и трето тримесечје е само бројче кое ќе се прикажува во

евидентниот лист за ученикот. Обврската за заведување на отсуствата на учениците во страната Преглед на изостаноци продолжува да важи и функционира на идентичен начин како и досега.

**Слика 6: Преглед на страната Податоци за евидентен лист за учениците од прво до шесто одделение**

ПОДАТОЦИ ЗА ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ - III-A - ПАРАЛЕЛКА ТРЕТО А

СОДРЖИНА ДНЕВНИЦИ МОЈА ПАРАЛЕЛКА ПАРАЛЕЛКА РОДИТЕЛИ

Податоци за Евидентен лист **III-A** за учебната 2016/2017 година

| # | Ученици | Постигнување за ученик | | | Изостаноци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | I трим. | | I пол. | | III трим. | |
| | | I трим. | I пол. | III трим. | О | Н | О | Н | О | Н |
| 1 | Ани | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | / | / | / | / |
| 2 | Мони | ✓ | ✓ | ✓ | 5 | 4 | 3 | 1 | 0 | 1 |
| 3 | Бисера | ✓ | ✓ | ⊖ | 3 | 2 | / | / | / | / |
| 4 | Ана | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | 2 | / | / | / |
| 5 | Андреј | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | / | / | / | / |
| 6 | Теодосиј | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | / | / | / | / |
| 7 | Оливер | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | / | / | / | / |
| 8 | Матеј | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | / | / | / | / |
| 9 | Марио | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | / | / | / | / |
| 10 | Столе | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | 10 | / | / | / |
| 11 | Александар | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | / | / | / | / |
| 12 | Елена | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | / | / | / | / |
| 13 | Даниел | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | / | / | / | / |
| 14 | Марио | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | / | / | / | / |
| 15 | Екатерина | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | 0 | / | / | / |
| 16 | Јана | ✓ | ✓ | ⊖ | / | / | / | / | / | / |



Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

**Слика 7: Преглед на страната Податоци за евидентен лист за учениците од седмо до деветто одделение**

ПОДАТОЦИ ЗА ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ - VII-А - ПАРАЛЕЛКА СЕДМО А — peovskamaca@yahoo.com (имперсониран)

СОДРЖИНА ДНЕВНИЦИ МОЈА ПАРАЛЕЛКА ПАРАЛЕЛКА РОДИТЕЛИ СВИДЕТЕЛСТВО ПОДАТОЦИ

Податоци за Евидентен лист **VII-А** за учебната 2016/2017 година

| # | Ученици | Изостаноци I трим. О | Изостаноци I трим. Н | Изостаноци I пол. О | Изостаноци I пол. Н | Изостаноци III трим. О | Изостаноци III трим. Н | Македонски јазик I трим. | Македонски јазик I пол. | Македонски јазик III трим. | Англиски јазик I трим. | Англиски јазик I пол. | Англиски јазик III трим. | Француски јазик I трим. | Француски јазик I пол. | Француски јазик III трим. | Математика I трим. | Математика I пол. | Математика III трим. | Историја I трим. | Историја I пол. | Историја III трим. | Биологија I трим. | Биологија I пол. | Биологија III трим. | Информатика I трим. | Информатика I пол. | Информатика III трим. | Етика I трим. | Етика I пол. | Етика III трим. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Никола | 2 | 4 | / | / | / | / | | 2 | | | | | | 2 | | | 2 | | | 2 | | | 2 | | | 2 | | | 2 | |
| 2 | Моника | 6 | 8 | / | / | / | / | | 5 | | | | | | 5 | | | 5 | | | 5 | | | 5 | | | 5 | | | 5 | |
| 3 | Бојана | 1 | / | / | / | / | / | | 5 | | | | | | 5 | | | 5 | | | 5 | | | 5 | | | 5 | | | 5 | |
| 4 | Росица | / | 3 | / | / | / | / | | 4 | | | | | | | | | 4 | | | 4 | | | 4 | | | 4 | | | 5 | |
| 5 | Андреј | 5 | / | / | / | / | / | | 1 | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | 1 | |
| 6 | Дамир | / | 7 | / | / | / | / | | 1 | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | 1 | |

## Генерирање на Евидентен лист

Откако внесените податоци потребни за пополнување на евидентен лист се проверени од страна на одделенскиот раководител на паралелката, Евидентните листови за учениците може да бидат генерирани во делот Листа на ученици –> Евидентен лист. Оваа страна покажува дали е генериран евидентен лист за ученикот и дали истиот е потпишан од родител / старател за секој период посебно.

**Слика 8: Функционалности за генерирање на евидентен лист**

ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ - ПАРАЛЕЛКА ТРЕТО А

СОДРЖИНА ДНЕВНИЦИ МОЈА ПАРАЛЕЛКА ПАРАЛЕЛКА РОДИТЕЛИ

Постигнувања на ученик **Мони.** за учебната 2016/2017 година

**Информации за Евидентниот лист за ученикот**

| Период | Креиран од раководител | Потпишан од родител/ старател | Акција |
|---|---|---|---|
| I тримесечје | Датум: 25.02.2021 | Датум: | Прегледај<br>Избриши |
| I полугодие | Датум: | Датум: | Прегледај<br>Креирај |
| III тримесечје | Датум: | Датум: | Прегледај<br>Креирај |


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

Со притискање на копчето Прегледај раководителот на паралелката има можност да види како би изгледал генерираниот евидентен лист за ученикот.
Со притискање на копчето Креирај евидентниот лист се зачувува и родителот има можност да пристапи до истиот, да го прегледа и потпише.
Одделенскиот раководител има можност да го менува креираниот евидентен лист за ученикот, односно може да го избрише и повторно да го креира се додека листот не е потврден, односно потпишан од страна на родителот / старателот на ученикот.
Со потврдување на евидентниот лист од страна на родителот се затвора целиот круг и евидентниот лист се заклучува, осносно истиот неможе да се менува повеќе.

**Потврдување на Евидентен лист од родител / старателот**

На секој родител му е овозможен пристап до Е-Дневникот на неговото дете доколку одделенскиот раководител на детето, ја внесе мејл адресата на родителот во страната Родители. Родителот добива линк за валидација на податоците на овој мејл. Откако родителот ќе ја потврди мејл адресата може да пристапи до Е-Дневник системот.
По најава на системот во делот Евидентен лист – Постигнувања на ученик за учениците од прво до шесто одделение, родителот ги гледа внесените постигнувања за неговото дете.
Во делот Евидентен лист родителот ги гледа креираните Евидентни листови за неговото дете. Со притискање на копчето Потпиши потврдува дека ги прегледал податоците внесени за ученикот.

**Слика 9: Функционалности за евидентен лист достапни за родител**




Информации за Евидентниот лист за ученикот

| Период | Креиран од раководител | Потпишан од родител/старател | Акција |
|---|---|---|---|
| I тримесечје | Датум: 25.02.2021 | Датум: | Потпиши |
| I полугодие | Датум: | Датум: | |
| III тримесечје | Датум: | Датум: | |

Пред креирање на евидентниот лист од страна на одделенскиот раководител и пред неговото потпишување од страна на родителот, се појавува прашање:

Дали корисникот е сигурен во акцијата што сака да ја направи?


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

**Слика 10: Пример прашање за корисник со улога Родител**

